Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" број 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), член 21 став 2 и член 22 став 2 од Законот за средното образование ("Службен весник на Република Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03,67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11) и член 7 алинеја 5 од Законот за стручно образование и обука ("Службен весник на Република Македонија" број 71/06, 117/08, 148/09 и 17/11), министерот за образование и наука донесе наставна програма по **практична настава** за **III година** земјоделско-ветеринарна струка – образовен профил техничар за агроменаџмент за учениците во средното стручно образование.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА**

# ПРАКТИЧНА НАСТАВА

**III ГОДИНА**

## *ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА*

### *Техничар за агроменаџмент*

**Скопје, 2011 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИСКИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет:** ПРАКТИЧНА НАСТАВА

### 1.2. Образовен профил и струка

1.2.1. Образовен профил: техничар за агроменаџмент

1.2.2. Струка: земјоделско-ветеринарна

### 1.3. Диференцијација на наставниот предмет

1.3.1. Практична обука

### 1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Трета година

### 1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 6 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 216 часа

### 1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен предмет

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

По совладувањето на наставната програма по наставниот предмет ***практична настава,*** ученикот стекнува вештини и знаења и се оспособува:

- да го определува карактерот на менаџментот и менаџмент процесот;
- да изработи менаџмент планирање на организацијата со сите елементи на менаџмент процесот;
- да развива маркетинг концепција;
- да изработи маркетинг план на организацијата со сите елементи;
- да ги утврдува основните елементи на трошоците;
- да изработи проекција на торшоците и калкулациите на организацијата;
- да организира производство на поледелски, градинарски, овошни култури и производство на грозје;
- да ги определува оптимални услови за одгледување на високопродуктивни животни;
- да ги применува новите технологии за одгледување на стопанските животни;
- да применува постапки за органско растително и сточарско производство;
- да користи средства за лична заштитата при работа;
- да развива навики за економично работење.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на наставните содржини, односно за постигнување на поставените цели по предметот ***практична настава,*** потребно е ученикот да поседува одредени предзнаења од предметните подрачја за *технологии во растително производство*, *земјоделска механизација*, *педологија*, како и знаења по предметот *основи на економија*.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

### 4.1. Структурирање на содржините на учење

| Тематски целини | Број на часови | Конкретни цели | Дидактички насоки | Корелација помеѓу тематските целини и помеѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **1. АГРОМЕНАЏМЕНТ** | **36** | **Ученикот:**<br>- да го определува карактерот на менаџментот и менаџмент процесот;<br>- да ги определува основните принципи на менаџментот;<br>- да ги утврдува специфичностите на земјоделството и земјоделското производство;<br>- да го определува окружувањето менаџмент процесот;<br>- да ги идентификува видовите планови и начинот на планирање во менаџмент процесот;<br>- да учествува во организирање на менаџмент процесот;<br>- да учествува при координирање во менаџмент процесот;<br>- да развива начини на мотивирање;<br>- да применува контрола во менаџмент процесот;<br>- да донесува навремени и правилни одлуки во менаџмент процерсот. | - Демонстрирање изработка на проекти и презентации;<br>- користење цртежи, слики, интернет материјали и видеоматеријали;<br>- истражување на менаџмент процесот;<br>- анализирање на практични примери од менаџмент работењето на организациите;<br>- организирање вежби за изработка на планови;<br>- играње на улоги во процесите на координирање, мотивирање и контрола. | - Агорменаџмент. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2. АГРОМАРКЕТИНГ** | **36** | - Да развива маркетинг концепција;<br>- да го применува маркетингот во земјоделството;<br>- да го истражува пазарот за земјоделски производи;<br>- да ја утврдува поврзаноста меѓу понудата, побарувачката и цената на земјоделските производи;<br>- да прави план за дистрибуција на земјоделски производи;<br>- да прави план за промоција на земјоделските производи;<br>- да определува категории на маркетинг концепцијата;<br>- да развива маркетинг микс концепт;<br>- да создаде вештини за тимска работа, креативност и иновативност кон маркетингот на земјоделско-прехранбени производи. | - Демонстрирање изработка на проекти и презентации;<br>- користење цртежи, слики, интернет материјали и видеоматеријали;<br>- истражување на меркетинг процесот;<br>- анализирање на практични примери од маркетингот на организациите;<br>- организирање вежби за изработка на план за дистрибуција и маркетинг концепција;<br>- играње на улоги во процесите на маркетингот. | - Агромаркетинг. |
| **3. ТРОШОЦИ И КАЛКУЛАЦИИ** | **36** | - Да ги утврдува основните елементи на трошоците;<br>- да ги применува принципите на производната функција и трошоците на производството;<br>- да ги идентифукува трошоците со производите и активностите;<br>- да ги пресметува трошоците според обемот на производството;<br>- да прави калкулации на одделните линии на производство;<br>- да ја пресмета цената на чинење на производите и факторите кои | - Демонстрирање изработка на проекти и презентации;<br>- користење цртежи, слики, интернет материјали и видеоматеријали;<br>- истражување на производната функција и трошоците на производство;<br>- анализирање на практични примери за трошоци на | - Трошоци и калкулации. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | влијаат на неа;<br>- да направи споредба на разните линии на производство во рамки на земјоделското стопанство;<br>- да донесува одлуки базирани на трошоците и калкулациите. | организациите;<br>- организирање вежби за пресметка на трошоци и калкулации на различни производни линии. | |
| **4. ТЕХНОЛОГИИ ВО РАСТИТЕЛНО ПРОИЗВОДСТВО** | **54** | - Да прави поделба на поледелските, градинарските, овошните култури и на сортите на грозје;<br>- да препознава разни видови и сорти на поледелски, градинарски, овошни култури и на сортите на грозје;<br>- да организира производство на поледелски култури;<br>- да организира производство на градинарски култури;<br>- да организира производство на овошни култури;<br>- да организира производство на грозје;<br>- да организира берба и прибирање на поледелските, градинарските, овошните култури и на сортите на грозје;<br>- да применува органско производство на поледелските, градинарските, овошните култури и на грозје. | - Демонстрирање изработка на проекти и презентации;<br>- користење цртежи, слики, интернет материјали и видеоматеријали;<br>- организирање на посета на работни организации;<br>- демонстрирање на најважните операции за одгледување на поледелски, градинарски, овошни култури и лозови насади;<br>- организирање на берба и прибирање на поледелските, градинарските, овошните култури и на сортите на грозје;<br>- демонстрирање на мерки кои се применуваат во органско производство на поледелските, градинарските, овошните култури и на грозје. | - Технологии во растително производство. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **5. ТЕХНОЛОГИИ ВО СТОЧАРСКО ПРОИЗВОДСТВО** | **54** | - Да ги разликува расите на домашни животни;<br>- да ги утврдува биолошките расни особини кај домашните животни;<br>- да ги споредува факторите кои влијаат врз производните особини кај домашните животни;<br>- да применува различни методи на одгледување кај домашните животни;<br>- да ја примени правилната селекција кај домашните животни;<br>- да ги разликува расите и категориите кај поважните стопански животни;<br>- да ги утврдува производните карактеристики според нивната конституција и надворешен изглед на животните;<br>- да ги определува оптималните надворешни услови за одгледување на високопродуктивни животни;<br>- да ги применува новите технологии за одгледување на стопанските животни;<br>- да ги планира и утврдува годишните потреби од храна;<br>- да применува методи на органско производство на здрава храна од анимално потекло. | - Демонстрирање изработка на проекти и презентации;<br>- користење цртежи, слики, интернет материјали и видеоматеријали;<br>- организирање на посета на работни организации;<br>- демонстрирање на најважните операции за одгледување на домашни животни;<br>- организирање на молзење, хранење, сечење на копита, чистење и други мерки;<br>- демонстрирање на мерки кои се применуваат во органско производство на домашни животни. | - Технологии во сточарско производство. |

### 4.2. Наставни методи и активности на учење

Според зацртаните цели на задолжителната програма ***практична настава,*** ќе се применуваат: дискусија, демонстрација, објаснување, инструирање, набљудување, работа во групи, работа во парови, индивидуална работа, истражување и самооценување.

Активности на ученикот: вежба со предвидени работни операции, открива односи и законитости, анализира, дискутира и презентира, истражува, критички размислува и одлучува, забележува, поставува прашања, доведува во врска (создава врска), пишува, анализира, диференцира, детерминира, покажува, применува, коментира и притоа тимски соработува со групата, изработува проекти и проектни задачи, сам се оценува и сл.

Активностите на наставникот: планира, организира и реализира практична настава, објаснува, организира работа во групи, ги поттикнува учениците на конгнитивно, психомоторно и афективно однесување, организира и реализира посета на: земјоделски стопанства, Факултетот за земјоделство и храна, педолошки и агрохемиски лаборатории, Институтот за семепроизводство, саеми, работни организации, врши проверување и оценување на резултатите на учениците.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот **практична настава** е застапен со 6 часа неделно или вкупно 216 часа годишно, во две полугодија во втора година. Истата ќе се реализира преку практични вежби и практична работа. Практичната настава ќе се реализира во училишната економија и надвор од училиштето. Содржините од наставниот предмет практична настава опфаќаат области од агроменаџмент, агромаркетинг, трошоци и калкулации, технологии во растително производство и технологии во сточарско производство.

Поради специфичноста на наставните содржини, часовите во распоредот ќе се организираат во блок часови или во зависност од условите во училиштето, како и од временските услови.

Карактерот на овој наставен предмет бара специфична организација на наставата, односно, поделба на паралелката на две групи, што овозможува квалитетна настава и следење на процесите на работата.

Редоследот на темите по подрачја може да се преструктуира во зависност од временските услови или условите во училиштето.

### 4.4. Наставни средства и помагала

Во наставниот процес да се користат разновидни наставни средства и помагала: слики, цртежи, слајдови, филмови, интернет материјали, телевизиски снимки,бизнис планови, маркетинг стратегии, трактор, замјоделска техника, градинарски алат, поледелски и градинарски производи (во свежа, сушена состојба), сточарски, производи, хербариуми, ѓубрива,  хемиски заштитни средства, машински паркови.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигнувањата на учениците се врши перманентно во текот на целата учебна година преку следење на работата, интересот, одговорноста, како и залагањето и активноста на ученикот во текот на наставата. Се оценува секоја наставна целина. Во текот на секое полугодие ученикот треба да има минимум по две оценки, односно четири оценки во текот на учебната година. Наставникот треба да му помогне на ученикот, во текот на наставниот процес, да ги идентификува барањата кои се потребни за извршување на задачите и елементите важни за решавање на конкретните барања за предвидените цели. Доколку ученикот не постигне резултати во реализирањето на конкретните цели на наставната програма, се постапува согласно со законската регулатива за средно образование.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***практична настава*** треба да поседува лични, професионални и педагошки карактеристики, да е физички и психички здрав, да е комуникативен и отворен за соработка, да поседува високи етички вредности, да го применува литературниот јазик и писмото на кој се изведува наставата, со и без работно искуство, да ја сака наставничката професија, да е добар менаџер за организирање на практичната обука, креативен и способен за иновации во наставната технологија и постојано да се самообразува во струката и педагошката област.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Наставниот предмет ***практична настава*** го реализираат наставници со завршени студии по:

- **земјоделство**

Наставниците да имаат педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит, според Законот за средно образование.

### 6.3. Стандард за простор

Соодветно на карактерот на програмските содржини и целите што треба да се постигнат со наставата по овој предмет, практичната настава да се реализира во кабинет, лабораторија, во училишна економија и во просториите во нејзините придружни објекти, работни организации, како и соодветни простории во земјоделските стопанства и институти, опремени според Нормативот за опрема и нагледни средства. За реализирање на наставната програма потребно е да биде обезбедено: трактор и машини за работа на терен, прибор и алат што се користи во земјоделското производство, поледелски и градинарски производи во свежа, сушена и преработена состојба, сточарски објекти, семиња од поледелски и градинарски култури, природни и вештачки ѓубрива, хербариуми, лабораториска опрема и др.

## 7. ДАТУМ И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** јуни 2011 година

**7.2. Состав на работната група за изработка:**

1. Бранко Алексовски, советник по земјоделксо-ветеринарна група предмети во ЦСОО – Скопје, координатор
2. Проф. д-р Драги Димитриевски, Факултет за земјоделски науки и храна - Скопје
3. Игор Николов, дипл.инж.агр. наставник, СОУ „Кочо Рацин“ - Св. Николе
4. Моме Давитковски, дипл.инж.агр., „Агроконсалтинг Тим“ – Куманово

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01. 09. 2011 година

Одобрил:
Зеќир Зеќири, директор

**9. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА**

Наставната програма по **практична настава** за **III година** земјоделско-ветеринарна струка – образовен профил техничар за агроменаџмент за учениците во средното стручно образование, на предлог на Центарот за стручно образование и обука ја донесе **бр. 11-39/31**

Министер,

на ден, 04.01.2012
Скопје

______________________________
м-р Панче Кралев